РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

*ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА*
**Бр.08-2391/1 од 14.04.2025 година**
Скопје

Врз основа на член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на РСМ" бр.101/19), член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), и член 70 став (3) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ ПРИ ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

1. За службени лица за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Гази Баба, **се определуваат**:

- **АНА ВЕЉАНОВСКА** - советник во одделение за протокол, односи со јавноста и меѓународна соработка - сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности, и

- **АНИТА ИЛИЕВСКА КУЗЕСКА** - виш соработник во одделение за администрирање на локални приходи - сектор за финансиски прашања.

2. Определените службени лица од точка 1 од ова решение, контактираат и ги даваат потребните информации и им помагаат на барателите на информации за што водат посебна евиденција за примањето на барањата за информации, чувањето и давање на информациите.

3. Контакт податоците за определениете службени лица се објавуваат на веб страната на општината.

4. Со денот на влегување во сила на ова решение, престанува да важи претходно донесеното решение од Градоначалникот на Општина Гази Баба.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
Бобан Стефковски

изготвил: Васко Апостоловски

одобрил: секретар на општина
Невенка Стаменковска Стојковски

Доставено до:
- определените службени лица;
- сектор за управување со човечки ресурси и ИТ.